Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 345/0306
14. 12 2017 год.

12.12.2017

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 декември 2017 година, врз основа на примена жалба од Здружението „Хера“ и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**Интернет порталот „Локално“ со текстот насловен „Жените треба да ги знаат последиците од абортусот: со прекин на бременоста телото е збунето, ризици од неплодност, инфекции, рак...“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1, 4, 10 и 13.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 ноември 2017 година, Здружението „Хера“ и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заеници“ поднесоа заедничка жалба за текстот со наслов „Жените треба да ги знаат последиците од абортусот: со прекин на бременоста телото е збунето, ризици од неплодност, инфекции, рак...“, објавен на 7 ноември 2017 година, во 18 часот и 37 минути, на интернет порталот „Локално“ (www.lokalno.mk).

Во жалбата се наведува дека објавениот текст е тенденциозен, дезинформира и има цел да предизвика страв, загриженост и осуда кон жените кои планираат, извршиле или ќе извршат абортус.

„*Текстот има за цел да ги прикаже последиците од абортусот како јасни, извесни и однапред познати и апликативни за сите жени, без да има предвид дека последиците од абортусот се различни за секоја жена и зависат од нејзините лични, семејни, економски и други прилики и аспекти, што ја потврдува едностраноста на текстот, кој ги нема предвид релевантните извори на информации од областа која ја обработува*“, се посочува во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Локално“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Локално“ одговорија на наводите на жалителот.

Во одговорот велат дека делумно се согласуваат со забелешките на жалителите, но дека, според нив, текстот е информативен, обработува проблем кој го засега општеството, не е тенденциозен и нема цел никого да фаворизира или дискриминира.

„*Намерата беше во блиска иднина да се продолжи серијалот препораки за здравјето на жената, да се предупредува на ризиците и дека истиот преку лекарства е побезбеден, за што по ова отворено прашање во јавноста има дефинитивно поделеност“,* наведоа во одговорот од „Локално“.

Во исто време, од интернет порталот изразија подготвеност за процес на медијација (помирување) со двете здруженија, нудејќи им простор во неговите рубрики да можат да објавуваат текстови, реакции и сознанија на различни теми, кои им би биле презентирани на читателите на „Локално“.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Здружението „Хера“ и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заеници“ го отфрлија предлогот на „Локално“ и побараа Комисијата за жалби, сепак, да донесе одлука за спорниот текст.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на текстот е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4, 10 и 13.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 декември 2017 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во наведениот текст. Најпрво, Комисијата констатираше дека таа не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата најде дека авторот, кој не е потпишан, на сугестивен начин и без поткрепени факти, наметнува перцепции околу прекинот на бременоста како погрешен чекор, носејќи готови заклучоци и судови за една исклучително сензитивна тема. Членовите на Комисијата заклучија дека со тоа е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува насловот на текстот:

**„Жените треба да ги знаат последиците од абортусот: со прекин на бременоста телото е збунето, ризици од неплодност, инфекции, рак...“.**

Според членот 1 од Кодексот на новинарите, новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Во продолжение, Комисијата утврди дека текстот е едностран и без релевантни извори на информациите, дезинформира и создава неосновани стравови преку наведување пет можни последици по здравјето на жените, кои се претставени како извесни и конечни. Во тој контекст, членовите на Комисијата оценија дека во текстот е прекршен и членот 4 од Кодексот на новинарите, што особено е забележително во следниот пасус:

**„Ако сте решиле да ја прекинете бременоста, тогаш препорачливо е тоа да го направите со метод на лекови. Негативните последици се помали, но не се избегнуваат целосно. Во хируршкиот метод на прекинување на бременоста, покрај горенаведените ефекти, може да има проблеми како што е воведувањето на инфекции во телото, како и оштетување на гениталиите за време на самата операција. Лекот е поскап, но не вреди да се заштеди во оваа ситуација".**

Според членот 4 од Кодексот, новинарот треба да го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити. Изворот по правило треба да се идентификува освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна.

Понатаму, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и членот 10 од Кодексот на новинарите, во делот, во кој авторот се обидува да ги стигматизира жените кои извршиле абортус:

**„Многу силна психолошка траума. Некои жени со години не можат да закрепнат од овој чин, се обвинуваат, ќе доживеат стрес. Тие убија еден човек! Многумина не можат да закрепнат од овој стрес и размислуваат за тоа колку години нивното бебе ќе биде од година во година".**

Според членот 10 од Кодексот, новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)

При своето одлучување, членовите на Комисијата најдоа дека авторот во повеќе наврати своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е забележително во воведниот дел од текстот:

**„Абортусот е вештачки прекин на бременоста. Спротивно на популарното мислење, нема добри абортуси! Секој од нив, дури и најдобриот експерт вели дека може да се развијат непријатни последници".**

Според членот 13 од Кодексот, новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

При одлучувањето, Комисијата го зеде предвид и Техничкото упатство на Светската здравствена организација (СЗО) за безбеден абортус (Safe abortion: technical and policy guidance for health systems), во кое меѓу другото, се вели дека жените имаат право на самостојност и автономија во одлучувањето за безбеден абортус и дека не им е потребно одобрување од трета страна. Според Упатството на СЗО, за да се испочитуваат, заштитат и исполнат човековите права потребно е владите да обезбедат услуги за безбеден абортус, кој законот го дозволува. (http://apps.who.int/iris/bitstream/10665/70914/1/9789241548434_eng.pdf).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува интернет порталот Локално (www.lokalno.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595